РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр. Nr 17/6714/1
22-09-2022 год.-vit/e.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за труд и социјална политика |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог Закон за родова еднаквост |
| Одговорно лице и контакт информации: | Светлана Цветковска, раководител на сектор за еднакви можности<br>scvetkovska@mtsp.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☐ Нацрт<br>☒ Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒ Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br><br>☐ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐ Друго |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | Не |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐ Да<br>☒ Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 14.09.2022 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | / |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | / |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Декември 2022 |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Согласно Програмата на Владата на Република Северна Македонија 2022 година, Министерството за труд и социјална политика го предлага Законот за родова еднаквост во насока на унапредување на родовата еднаквост.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Овој закон ќе придонесе да се надминат пречките и недостатоците во ефикасното обезбедување на еднаквост и елиминирање на стереотите преку зајакнување на положбата и статусот на жената во општеството, еднаков пристап до ресурси и еднакво учество во донесување на одлуки во сите сфери на општествено живеење.

Со овој закон се уредуваат мерките за остварување на родовата еднаквост, примената на родовата интеграција, надлежностите и обврските на субјектите одговорни за спроведување на законот, родовите механизми и начинот на следење и известување за резултатите од спроведувањето на законот.

## 2. Цели на предлог регулативата

Целта на законот е да се обезбеди остварување на потполна родова еднаквост во сите сфери на јавниот и приватниот живот со зајакнување на положбата и статусот на жената во општеството и овозможување на еднакви можности за остварување на сите права преку унапредување на родовата еднаквост.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо"*

Опцијата "не прави ништо" подразбира да остане во примена постојното законско решение односно Законот за еднакви можности на жените и мажите. Ова не е прифатлива опција, бидејќи со нејзино одбирање нема да се постигнат горенаведените цели.

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Предлог законот за родова еднаквост ќе овозможи усогласување со новите ЕУ директиви во насока на поефикасна легислатива за родова еднаквост. Предлог законот ќе придонесе за јакнење на владеењето на правото, изградба на независни институции и функционален систем на национално и локално ниво со повеќе

приоритетни цели: унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките на буџетите; воведување на концептот на еднаквост и родова интеграција во сите области на општественото живеење, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството; јакнење на владеењето на правото и спроведување на законите; унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита.

Со Предлог законот за родова еднаквост се уредува воспоставувањето, унапредувањето и промовирањето на мерките за остварување на родовата еднаквост во сите сфери на јавниот и приватниот живот и се утврдуваат надлежностите на субјектите кои се одговорни за спроведување на овој закон и посебните родови механизми.

Предлог Законот за родова еднаквост јасно ги дефинира субјектите кои треба да ја вршат неговата имлементација, пред се органите на државна управа, единиците на локалната самоуправа, правните субјекти.

Законот предвидува три нови механизми. Тоа се Секретаријатот за родова еднаквост, кој како највисоко тело ќе ја координира и следи работата на институциите и локалната самоуправа при имплементација на Законот. Ресурсен центар, кој што е всушност тренинг центар за обуки на државните службеници во областа на родово одговорно креирање на политики и буџетирање. Третиот нов механизам е Советот за родова еднаквост .

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

*Нема*

*4.2 Фискални влијанија*

*Да*

*4.3 Социјални влијанија*

*Нема*

*4.4 Влијанија врз животната средина*

*Нема*

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

*Законот ќе предизвика трошоци за формирање на Секретаријатот за родова еднаквост и функционрање на Ресурсниот центар за креирање на родово одговорни политики и буџети.*

*б) трошоци за почитување на регулативата*

*Нема*

5. **Консултации**

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

-Текстот на Предлог Законот е изработен преку широк и трансарентен процес во кој беа вклучени претставници на надлежни министерства, Интер-ресорска група за унапредување на правата на жените и мажите, претставници на мрежите на здруженија на граѓани за родова еднаквост, како што е Платформата за родова еднаквост, Мрежата за недискриминација, претставници на Здружението на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС), претставници на меѓународните организации UN Women и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

-Текстот на Предлог Законот е доставен на мислење во рана фаза до Венецијанската комисија, ЕУ Делегација во Скопје, OSCE/ODIHR, УН Агенциите: *Канцеларијата на Високиот Комесар за човекови права при ОН и* UN Women

- Преку ТАЕКС инструментот добиен е Извештај од експертско мислење во однос на неговата усогласеност со меѓународните стандарди.

-Предлог законот е објавен на ener.gov.mk

Истовремено со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје ќе се организираат и 6 јавни дебати за предлог текстот на законот.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

Во предлог законот ќе бидат вградени забелешките од соодветните институции.

*1. . Делегација на Европската Унија*

*2. Канцеларија на ОБСЕ за Демократски институции и човекови права ОБСЕ-ОДИХР*

*3. УН агенциите Канцеларијата на Високиот Комесар за човекови права при ОН и* UN Women

*4.* Преку ТАЕКС инструментот Извештај од експертско мислење во однос на неговата усогласеност со меѓународните стандарди.

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

/

6. **Заклучоци и препорачано решение**

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

*Со донесувањето на новиот предлог текст на закон позитивното влијание е во насока на унапредување родовата еднаквост во општеството.*

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

Не се предвидуваат одредени негативни влијанија. Ризик постои од недоволно обезбедени финансиски средства во насока на ефикасно спроведување и имплементација на законот.

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Новиот предлог текст на законот се препорачува во насока на унапредување на родовата еднаквост.

**7. Спроведување на препорачаното решение**

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Ќе има потреба од измена на Закон за Влада на РСМ со цел воспоставување на Секретаријатот за родова еднаквост во рамките на Владата на РСМ.

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Со донесувањето на новиот закон ќе има потреба од донесување на:
Правилник за внатрешна организација на Секретаријатот за родова еднаквост;

1. Правилник за формата на прекршочниот платен налог;
2. Образец за прекршочен платен налог;
3. Правилник за формата и содржината на годишниот извештај за спроведување на ЗРЕ (со Образец за годишниот извештај)
4. Правилник за начинот на планирање, усвојување, и спроведување на постојаните и привремените мерки, како и за начинот на следење, оценување и известување за мерките и резултатите од нив
5. Правилник за начинот на планирање, усвојување, и спроведување на мерките донесени од страна на Собранието на Република Северна Македонија, како и следењето, оценувањето и известувањето за мерките и резултатите од нив
6. Правилник за родова интеграција
7. Правилник за начинот на планирање, усвојување, и спроведување на постојаните и привремените мерки, како и за начинот на следење, оценување и известување за мерките и резултатите од нив
8. Правилник за утврдување на нормативите и стандарди за работа на Ресурсен центар

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Овој закон се применува од страна на сите државни органи, органите на единиците на локалната самоуправа и правните лица со јавни овластувања кои вршат дејности од јавен интерес.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Се планира спроведување на потребни Анализи, Обуки, Советувања и кампањи во насока на ефиаксно спроведување на предлог законот.

**8. Следење и евалуација**

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Следењето на спроведувањето на законот ќе биде заедничка обврска на новоформираните: Секретаријат за родова еднаквост и Советот за родова еднаквост, кој е составен од надлежни државни институции, невладини организации, меѓународни организации и независни експерти во областа на родовата еднаквост.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Секретаријатот изработува прв извештај за спроведувањето на овој закон по две години од формирањето на Секретаријатот.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум: ______________**

..................................

**Resmi Ejupi**

**потпис на државен секретар**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:______________**

--

----------------------------------

**Јованка Тренчевска**

**потпис на министерот**